**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА**

**Бр. 1403 – 93/7**

**Скопје, 21. 02. 2008 година**

**ДО**

**ГРАДОНАЧАЛНИКОТ НА ОПШТИНА БЕРОВО**

**КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР**

1. Предмет на овој Конечен извештај е извршената ревизија на финансиските извештаи на Сметката за наменски дотации (937) на Општина Берово за 2006 година, кои се прикажани на страните од 3 до 4 .

2. Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај е извршена согласно член 38 од Законот за финисирање на единиците на локалната самоуправа, член 2 став 1 и 2 од Законот за државна ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 9 од Законот за државна ревизија.

3. Не е вршена ревизија, ниту е издаден извештај за финансиските извештаи на општина Берово, Сметка за наменски дотации (937) за годините кои и претходат на годината која е предмет на оваа ревизија.

4. Финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај се одговорност на раководството на субјектот од точка 1 на овој извештај, застапувано од :

- Венко Пашалиски, Градоначалник на општина Берово, во 2006 година.

5. Одговорност на ревизорите е да го издадат овој извештај, прикажан на страните од 1 до 2 и да дадат мислење за финансиските извештаи од точка 1, засновано на извршената ревизија

6. Ревизијата од точка 1 на овој извештај е планирана и извршена во период од 14.11.2007 до 14.11.2007 година, од страна на тим на Државниот завод за ревизија.

7. Цел на ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај е да овозможи ревизорот да изрази мислење:

- дали финансиските извештаи вистинито и објективно ја искажуваат финансиската положба и резултатот на финансиските активности во согласност со применетата законска регулатива;
- дали е остварено законско и наменско користење на средствата кои претставуваат државни расходи.

8. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани на годишната сметка составена според важечките прописи во Република Македонија со извршени рекласификации поради добивање на појасна слика.

9. Ревизијата е извршена во согласност со стандардите за државна ревизија на Меѓународната организација на Врховни ревизорски институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани за примена во Република Македонија при вршењето на државната ревизија. Овие стандарди бараат ревизијата да се планира и подготви, со цел да се добие разумно уверување дека финансиските извештаи се ослободени од значајни погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува испитувања на докази, проценување на користени сметководствени принципи, како и на важни проценки направени од страна на раководството на субјектот од точка 1 на овој извештај, давање општа оценка за презентацијата на финансиските извештаи и давање оценка за конкретни финансиски трансакции. Веруваме дека извршената ревизија ни обезбедува разумна основа за изразеното мислење.

10. Со ревизијата на финансиските извештаи за 2006 година, ревизорите на Државниот завод за ревизија го утврдија следното:

11. Според наше мислење, финансиските извештаи ја прикажуваат вистинито и објективно финансиската состојба на Сметката за наменски дотации (937) на општина Берово на ден 31 Декември 2006 година и резултатот од финансиските активности за годината која завршува со тој датум, во согласност со важечката законска регулатива.

12. Според наше мислење, кај Сметката за наменски дотации (937) на општина Берово остварено е законско и наменско користење на средствата во финансиските трансакции кои претставуваат државни расходи за 2006 година.

**Скопје, 18.02.2007 година** **Овластен државен ревизор**

## БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2006

во 000 Ден.

| Опис на позицијата | Образложение | 2006 | 2005 |
|---|---|---|---|
| **Приходи** | | | |
| Трансфери и донации | 3.1 | 4,664 | 0 |
| **Вкупно приходи** | | **4,664** | **0** |
| **Расходи** | | | |
| **Тековни расходи** | | | |
| Плати, наемнини и надомести | 3.2.1 | 4,664 | 0 |
| **Вкупно тековни расходи** | | **4,664** | **0** |
| **Вкупно расходи** | | **4,664** | **0** |
| **Остварен вишок на приходи - добивка пред оданочување** | | **0** | **0** |

*Ул:"Маршал Тито"бр.12/3*
*Палата Македонија-Скопје;*
*тел: 3211-262; факс: 3126-311*

**БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31 ДЕКЕМВРИ**

во 000 Ден.

| Опис на позицијата | Образложение | 2006 | 2005 |
|---|---|---|---|
| **Актива** | | | |
| **Тековни средства** | | | |
| Активни временски разграничувања | 4.1.1 | 348 | 0 |
| **Вкупно тековни средства** | | **348** | **0** |
| **Вкупна актива** | | **348** | **0** |
| **Пасива** | | | |
| **Тековни обврски** | | | |
| Краткорочни обврски за плати и други обврски спрема вработените | 4.2.1 | 348 | 0 |
| **Вкупно краткорочни обврски** | | **348** | **0** |
| **Вкупна пасива** | | **348** | **0** |

***Ул:"Маршал Тито"бр.12/3***
***Палата Македонија-Скопје;***
***тел: 3211-262; факс: 3126-311***